20260781201

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 7-б став 5 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/21, 170/24 и 101/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ ОДОБРЕНИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај.

Член 2

Регистарот за издадени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај се води во електронска форма.

Член 3

Регистарот за издадени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај ги содржи следните податоци:

- назив на превозникот;
- даночен број на превозникот;
- број и рок на важење на лиценцата за вршење на превоз на стока во внатрешниот или меѓународниот патен сообраќај;
- регистарски број и тип на возила наменети за превоз на опасни материи;
- класи на опасни материи што може да се превезуваат со возилата;
- име и презиме на вработени возачи, стручно оспособени за превоз на опасни материи;
- број и рок на важење на сертификатот за стручно оспособување на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи;
- вид на серификатот, согласно програмата за која е оспособен возачот;
- име и презиме на советникот за безбедност при превоз на опасни материи;
- број и рок на важење на сертификатот за стручно оспособување на советникот за безбедност при превоз на опасни материи;
- број на одобрението за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај и
- дата на издавање и рок на важење на одобрението за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај.

Член 4

Во регистарот за издадени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај се внесуваат сите промени настанати во текот на важење на одобрението.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/11).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-3120/1
3 април 2026 година
Скопје

Министер за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.